Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016
2017
2018
2019
2020
2021
2022
2023
2024

Извадок на дел од дневни настани 24.08.2024

На 23.08.2024 во 12.30 часот во Скопје, на подрачјето на општина Аеродром, полициски службеници од СВР Скопје ги лишиле од слобода Х.Т.Н.(28) и Т.А.(28) двајцата од Израел, затоа што кај нив биле пронајдени и одземени бела прашкаста материја, кафеава прашкаста материја, таблети, тврда материја, шишенце со течност итн.. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 23.08.2024 во 22.15 часот во Скопје, на подрачјето на Гази Баба, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода А.Ч.(25) од с.Идризово,скопско, затоа што кај него била пронајдена и одземена бела прашкаста материја. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 23.08.2024 во 17.00 часот, полициски службеници од Единицата за недозволена трговија при СВР Скопје го лишиле од слобода Д.Р.(25) од Скопје. При претрес во неговиот дом на подрачјето на Карпош, извршен со судска наредба, била пронајдена и одземена марихуана. Тој бил задржан во полициска станица и по целосно документирање на случајот, против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 23.08.2024 во 13.02 часот во СВР Скопје било пријавено дека на крстосницата од ул. „Никола Тесла" и ул.„Бранислав Нушиќ" во Скопје се случила сообраќајна несреќа во која учествувале мопед „веспа" со скопски регистарски ознаки, управуван од А.М.(48) и патничко возило „пежо" со скопски регистарски ознаки, управувано од С.Б.(45) двајцата од Скопје, а мопедот удрил и во две паркирани возила. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобил возачот на мопедот, констатирани во Комплексот клиники „Мајка Тереза". Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Скопје.

На 23.08.2024 околу 22 часот полициски службеници од СВР Тетово и Одделот за специјални полициски операции, по претходно добиени оперативни сознанија дека Л.М. (41) од с. Гајре, тетовско, кој е осомничен за кривично дело убиство на 05.07.2024, а бил баран и поради бегство од Психијатарската болница Бардовци, се наоѓа во с. Гајре, преземале мерки и активности за лишување од слобода на лицето. По претходно обезбедени наредби за претрес во три куќи во Гајре, при преземање мерки за претрес на куќа сопственост на З.М., затекнат е Л.М., кој бил вооружен со автоматска пушка и пружил отпор и не постапил по дадените наредби на полициските службеници, туку автоматската пушка ја репетирал и вперил кон полициските службеници, по што било пукано од страна на полициските службеници. Откако Л.М. бил неутрализиран, побарана е медицинска помош од Итна медицинска помош, а известен е и јавен обвинител. Кај Л.М. бил пронајден и пиштол и рамки за автоматска пушка и куршуми. Околу 22.50 часот Л.М. починал, а смртта ја констатирал лекар од Итна медицинска помош. Увид на местото на настанот извршија полициски екипи, а по наредба на јавен обвинител, телото на починатиот е пренесено во одделот за судска медицина во Клиничка болница Тетово за обдукција.

На 23.08.2024 во 10.00 часот во Полициската станица Аеродром И.А.(49) од Скопје пријавил дека во с.Долно Лисиче, скопско бил каснат од куче скитник.

На 23.08.2024 во 10.20 часот во Полициската станица Гази Баба А.Ѓ.(28) од Скопје пријавил дека на ул.„Карл Либкхнет" во Скопје бил каснат од куче скитник.

На 23.08.2024 во 17.30 часот во Полициската станица Драчево М.Б.(18) од Скопје пријавил дека на ул.„Јустинијан Први" во Скопје бил каснат од куче скитник.
На 23.08.2024 околу 23 часот во Пробиштип полициски службеници од ОВР Пробиштип и Отсекот за недозволена трговија со дрога, оружје и опасни материи при СВР Штип ги лишиле од слобода Ј.Ј.(28) и Д.М.(21) од Кратово, како и Ј.Ј.(38), И.С.(32) и Д.В.(20) од Пробиштип, поради тоа што кај нив биле пронајдени и одземени екстази и бела грутчеста материја. Известен бил јавен обвинител. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 23.08.2024 во 16.55 часот во Гостивар, полициски службеници од Отсекот за недозволена трговија со дрога и оружје при ОВР Гостивар ги лишиле од слобода Ш.С. (50) од гостиварско Неготино и Ј.И. (53) од Гостивар, затоа што кај нив е пронајден кокаин. По документирање на случајот, ќе следува соодветен поднесок.

На 23.08.2024 во 19.45 часот кај наплатна станица Гостивар, полициски службеници од Отсекот за недозволена трговија со дрога и оружје при ОВР Гостивар ги лишиле од слобода Ќ.П. (35) од Велес, Н.А (19) од Скопје и А.И. (21) од Скопје, затоа што кај Ќ.П. е пронајден кокаин. По документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 24.08.2024 околу 10.00 часот во полициска станица Гостивар било пријавено дека на магистралниот пат Гостивар-Стража во близина на с. Ново Село од патот излетал мотор „сузуки" со кумановски регистерски ознаки, управуван од С.С. (30) и сопатничка М.Т. (23), двајцата од Куманово. Во несреќата двајцата се здобиле со тешки телесни повреди, констатирани во Општата болница во Гостивар. Извршен бил увид од увидна екипа од ОВР Гостивар.

На 23.08.2024 во 19.00 часот во ОВР Гостивар, Т.Ј. (46) од Гостивар пријавил дека на ул. „Д.Тодороски" бил каснат од куче скитник.

На 23.08.2024 во 20.45 часот во ОВР Гостивар, Ш.Х. (19) од с. Долна Бањица пријавил дека во с. Дебреше бил каснат од кучиња скитници.

Денеска (24.08.2024) во 02.11 часот во СВР Скопје 23-годишна жена пријавила дека околу 00.30 часот на подрачјето на Ѓорче Петров била физички нападната од нејзиниот сопруг Ф.К. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 23.08.2024 во 06.30 часот во СВР Скопје било пријавено дека И.М.(58) од с.Долно Свиларе, скопско додека извршувал работни задачи во фирма во с.Сарај, скопско, се здобил со тешки телесни повреди, по што бил пренесен во Комплексот клиники „Мајка Тереза" за укажување на лекарска помош. Излезено било на местото на настанот од полициски службеници од СВР Скопје и известен бил трудов инспектор.

На 23.08.2024 во 16.10 часот во СВР Куманово С.Т.(47) од с.Никуљане-Старо Нагоричане пријавила дека на 21.08.2024 околу 16.30 часот во Министерството за здравство во Скопје била физички нападната од лице кое работело како обезбедување. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 23.08.2024 во 19.23 часот во СВР Штип било пријавено дека во Штип, по претходна расправија околу паркинг простор, бил нарушен јавниот ред и мир со физичка пресметка помеѓу Д.Р.(62), В.Р.Д.(57), двајцата од Штип од една страна и М.П.(25) од Кочани и И.Д.(50) од Штип од друга страна. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 23.08.2024 во 23.00 часот во Полициската станица Радовиш било пријавено дека во с.Конче, по претходна расправија, бил нарушен јавниот ред и мир со физичка пресметка помеѓу Ф.У.(46) од с.Конче од една страна и Џ.Ј.(18) и уште еден малолетник од с.Бучим од друга страна. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

Денеска (24.08.2024) во 00.30 часот К.З.(50) од Скопје пријавила дека во угостителски објект во Стар Дојран била физички нападната од Б.Н. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 23.08.2024 во 21.40 часот во Полициската станица Радовиш М.В.(49) од с.Ораовица-радовишко, пријавил дека околу 20.10 часот во селото бил физички нападнат од Д.Ј. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 23.08.2024 во 16.00 часот било пријавено дека во с.Црнилиште, о.Долнени настанал пожар во помошна просторија во двор од куќа сопственост на Ѓ.С.(56). Во пожарот целосно изгорена била целата дрвна кровна конструкција покриена со лимен покрив, околу 300 бали сено, 500 бали сув тутун, машина за нижење тутун, трактор, патничко возило и делумно изгорено уште едно патничко возило. Исто така од пожарот на помошната просторија оштетена е доградбата на новоизградената куќа во истото дворно место. Пожарот бил изгаснат од Територијалната противпожарна единица Прилеп. Повредени лица нема. Извршен бил увид од увидна екипа од ОВР Прилеп.

На 23.08.2024 во 20.50 часот во Битола полициски службеници од СВР Битола го лишиле од слобода М.К.(33) од Битола, по претходна пријава дека околу 19.00 часот физички ја нападнал неговата 24- годишна сопруга. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 23.08.2024 во 15.40 часот во СВР Битола Н.С.(70) од Битола пријавил дека околу 09.30 часот, во парк во Битола, по претходна расправија бил физички нападнат од едно лице. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 23.08.2024 во 16.00 часот во СВР Битола С.С.(30) од Битола пријавил дека околу 14.00 часот, во продажен објект во Битола бил физички нападнат од И.Н. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 23.08.2024 во 01.20 часот во Полициската станица Ресен бил нарушен јавниот ред и мир со физичка пресметка помеѓу А.М.(43) и М.П.(40), двајцата од Ресен од една страна и Ј.Р.(31) од Битола од друга страна, лица кои што дошле да пријават настан, а претходно имале расправија, по што скршено било и стакло од влезната врата на објектот. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

Денеска (24.08.2024) во 01.20 часот кај раскрсница "Удово" полициски службеници од ОВР Дебар ги привеле Е.Џ.(18), Е.К.(22) и В.К.(24), сите од Дебар, поради тоа што кај нив биле пронајдени и одземени марихуана и дробилка. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 23.08.2024 во 22.45 часот во СВР Охрид И.С.(21) од Охрид пријавил дека околу 22.00 часот во Охрид бил физички нападнат од три лица. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 23.08.2024 во 12.35 часот во Полициската станица Кичево од Медицинскиот центар Кичево било пријавено дека кај нив била донесена малолетничка од с.Туин со повреди здобиени при пад од скали во нејзиниот дом. Од страна на полициски службеници излезено било на местото на настанот.

На 23.08.2024 во 16.00 часот во Полициската станица Кичево С.А.(24) пријавил дека околу 10.20 часот во Кичево по претходна вербална расправија бил физички нападнат од Ф.У.(28), двајцата од Кичево, кој употребил стаклен предмет. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет